ИЗДАНИЕ 03

# ZEFFIROS

ПРОЕКТЕН БИЛТЕН

Interreg - IPA CBC

EUROPEAN UNION

CCI 2014 TC 16 I5CB 009

ZEFFIROS



## ЕНЕРГЕТСКО - ЕФИКАСНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАЕДНИЦИ СО НУЛА-ОТПАД ВО ПРЕКУГРАНИЧНИОТ РЕГИОН РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА - РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ВО ОВА ИЗДАНИЕ

**Стр. 2**

Активности за управување со отпад во прекуграничниот регион

**Стр. 3**

Нови опции на веб-страната на ЗЕФИРОС

**Стр. 4**

ЗЕФИРОС на настани и во социјалните медиуми

Содржината на оваа публикација не ги одразува ставовите на Европската Унија, земјите учесници и Договорниот орган

Дознајте повеќе на:

www.zeffirosproject.eu

**Проектни партнери**

Општина Серес

Универзитет „Аристотел“ Солун

Кланица – општина Стримон

Општина Дојран

ООУ „Кочо Рацин“ Дојран

Проектот е ко-финансиран од Европската Унија и од националните фондови на земјите учесници



## СЕРЕС И КОМПОСТИРАЊЕ КАЈ ДОМАЌИНСТВАТА

80 нови канти за компост со капацитет од по 300 литри ќе бидат дистрибуирани до заинтересираните домаќинства на Општина Серес. Процесот за спроведување на јавни набавки, кој неодамна беше финализиран, ја зајакнува општинската програма за компостирање кај домаќинствата и за пренасочување на био-разградливиот дел од отпадот (органски отпад и остатоци од градинарски растенија) од депонија. Набавката на кантите за компост беше финансирана во рамки на проектот ЗЕФИРОС.

Наскоро, ќе биде објавен отворен повик за изразување интерес, кој ќе биде достапен на веб-страната на општина Серес (https://www.serres.gr/). По добивањето на образецот за изразување на интерес, комуналното претпријатие на општината ќе ги разгледа добиените податоци и ќе ги дистрибуира кантите до одбраните домаќинства. Спроведувањето на програмата е пилот-акција и ќе вклучува мониторинг на начинот за употреба на кантите во однос на годишните количини на био-отпад што водат до производство на компост, како и количини на компост што се произведуваат на годишно ниво. Секоја канта за компост ќе биде придружена со специјална алатка за агитација/аерација, 1 кг пакет CaO во прав за да дејствува како pH стабилизатор и брошури со инструкции за монтажата и процесот на компостирање. Крајната цел е поттикнување на компостирањето кај домаќинствата за значајно намалување на производството на органски отпад.

Произведениот компост со висококвалитена хранлива вредност ќе се користи за општинските градини.

## ДОЈРАН & УПРАВУВАЊЕТО СО ОТПАД

Општина Дојран ја заврши постапката за набавка на опрема за селектирање на отпад како дел од активностите во рамките на проектот ЗЕФИРОС.

Опремата вклучува:

- Возило со капацитет од 7м$^3$ за собирање и транспорт на отпад, со хидрауличен систем за манипулација со канти и контејнери за отпад.
- Канти и контејнери за отпад, мали (120 л) и канти со средна големина (1000 л) за неоргански отпад, мали (120 л) и канти со средна големина (1000 л) за органски отпад, големи контејнери со капацитет од 5м$^3$ со капак одделно за хартија, метал/лименки и пластика и канти за компостирање (250 л)

Користејќи ја набавената опрема, планираните активности ќе бидат од корист за граѓаните и истите ќе придонесат за намалување на количините на отпад што завршуваат на депонии. Опремата ќе овозможи собирање и транспорт на отпад од тешко-достапните области и ќе создаде можност за повторна употреба и поставување на основите за циркуларната економија на локално ниво.





## ОНЛАЈН CMS И Е-УЧЕЊЕ

На страната на проектот ЗЕФИРОС има две нови опции. Бидејќи проектот има за цел да ги стимулира засегнатите страни, вклучително и целокупното општество во прекуграничниот регион да започнат да мислат и делуваат „циркуларно", овие опции се наменети за едукација на граѓаните, професионалците и сопствениците на бизниси за производство на земјоделски производи како и поттикнување на засегнатите страни да се вмрежат со произведувачите на био-отпад во регионот.

Новата опција „Е-учење" вклучува модули и презентации кои опфаќаат применливи аспекти насочени кон создавање на локална циркуларна економија базирана на био-отпад. Главните теми кои се анализираа се поставување на основите на циркуларната економија, како функционира биогасната централа, како компостирањето и управувањето со отпад од страна на општината се вклучени во циркуларната економија и како правната рамка може да ги подржи локалните бизнис соработки базирани на био-отпад. (https://www.zeffirosproject.eu/e-learning)

Новата „Онлајн CMS" опција е алатка која ги лоцира произведувачите на био-отпад во прекуграничниот регион на Грција и Северна Македонија. Нивните податоци се означени под пиновите на мапата, обоени според предвидениот тек. Алатката го олеснува вмрежувањето помеѓу засегнатите страни заинтересирани да го искористат локалниот циклус на биогас (https://www.zeffirosproject.eu/online-cms).

Алатките за образование и вмрежување овозможуваат основи за локална циркуларна економија базирана на земјоделството






# ЗЕФИРОС НА НАСТАНИ И ВО СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ

## ЗЕФИРОС на 12$^{та}$ Национална конференција за обновливи извори на енергија

На 8$^{ми}$ април 2021 година, на 12$^{та}$ Национална конференција за обновливи извори на енергија, др. Христос Влахокостас, вонреден професор и член на проектниот тим на ЗЕФИРОС, презентираше дел од завршените активности во рамките на проектот ЗЕФИРОС. Настанот се организираше од страна на Институот за соларна технологија и Машински факултет во рамките на Универзитетот Аристотел, Солун. Во неговиот говор, др. Влахокостас ја анализираше користената методологија за поставување на биогасна централа, применетата технологија и нејзиниот капацитет со цел максимално искористување на земјоделскиот и отпадот од храна во прекуграничниот регион на Грција и Северна Македонија. Онлајн презентацијата ја следеа 70 учесници додека соодветниот труд на грчки јазик е достапен на следната адреса: https://solarinstitute.gr/en/news/.

## Трет онлајн состанок на проектниот тим на ЗЕФИРОС

Третиот состанок на проектниот тим се одржа онлајн, заради рестрикциите произлезени од КОВИД-19. Состанокот се одржа на 22$^{ри}$ Април 2021 и беше организиран од страна на Општинската кланица на Стримона (SFADIS S.A.). На состанокот присуствуваа 13 учесници од двете страни, претставници на проектните партнери и експерти. За време на состанокот учесниците дискутираа за напредокот на планот за работа и го подготвија акцискиот план за наредниот период. Акцентот беше ставен на дискусија за начините за успешно завршување на процедурите за јавни набавки за изградба на пилот-биогасна централа во рамките на општина Серес како и планирање и организирање на работилници за подигање на свеста и градење капацитети земајќи ја во предвид новонастаната ситуацијата од пандемијата.

## ЗЕФИРОС во социјалните медиуми

ЗЕФИРОС има два нови профили на социјалните медиуми: LinkedIn (https://www.linkedin.com/company/zeffiros/) и Facebook (https://www.facebook.com/zeffiros.interreg). Овде редовно се објавуваат и споделуваат информации и податоци за активностите на проектот и се споделуваат приказни кои се релевантни на целите на ЗЕФИРОС. Целта на профилите е поддршка и дисеминација на резултатите на ЗЕФИРОС, како и на организацијата и публицитет на претстојните работилници за градење капацитети.